OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 01-ви ноември 2016 година

**ДОДЕЛЕНИ ТРИ ПРИЗНАНИЈА ЗА „НАЈДОБАР ШАЛТЕРСКИ РАБОТНИК“ ЗА ОХРИДСКА БАНКА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ**

**Скопје, 01.11.2016 –** Традиционално и оваа година, на Светскиот ден на штедењето, вработените од Охридска банка Сосиете Женерал добија признанија за постигнати особени резултати во вршењето на работните задачи во доменот на работењето со населението за 2015 година.

Имено, Здружението на банкарство при Стопанската комора на Македонија, вчера, на свечена седница додели признанија на 42 најдобри шалтерски работници од банките и штедилниците во Република Македонија за 2015 година.

Оваа година од Охридска банка Сосиете Женерал, признание за најдобар шалтерски работник им беше доделено на: **Билјана Завојчева** од експозитурата во Охрид, **Весна Соларска Ангеловска** од експозитурата во Куманово и **Ана Попова** од Централната експозитура во Скопје.

„Грижата за нашите клиентите и навременото одговарање на нивните потреби остануваат во фокусот на нашето работење. Охридска банка Сосиете Женерал ќе продолжи да делува во оваа насока, да биде во постојана комуникација со клиентите, нудејќи услуги кои ќе им го олеснат секојдневието, додека посветеноста, грижата и професионалниот однос ќе бидат основните атрибути по кои Охридска банка Сосиете Женерал ќе биде препознатлива и препорачана.“, изјави **Катерина Јанковиќ**, Раководител на Дирекција Продажна мрежа.

Повеќе информации на www.ohridskabanka.mk и во сите експозитури на Охридска банка Сосиете Женерал.

За Охридска банка Сосиете Женерал

Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција. Од 2007 година, Охридска банка Сосиете Женерал припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 148.000 вработени, со седиште во 76 земји, групацијата Сосиете Женерал е на страната на 30 милиони клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 28 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал е носител на две награди од страна на „Euromoney“ во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ за 2010 и 2016 година. Исто така, светски познатото списание „Глобал фајненс“ ја прогласи Охридска банка Сосиете Женерал за Најдобра банка во Македонија за 2016 година во категоријата „Најдобри банки на пазарите во развој во Централна и Источна Европа“.

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**


Елена Глигоровска
Раководител на Дирекцијата за развој на производи, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709